Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Комисија за заштита на конкуренцијата
Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës
Комисија за одлучување по прекршок
Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje
Скопје-Shkup
Примено / E pranuar: 25.11.2025
Орг.Един. / Nj. Org. | Број / Numri: 09-32/18 | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë

УПРК.бр.12/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите m-r Burim Sejdini - претседател на совет, м-р Анета Цигерова и Газменд Фејзуљи, со записничар Атеме Муамеди - судски советник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Сојуз на стопански комори на Македнија – Стопанска интересна заедница Скопје, преку Претседателот Трајан Ангелоски од Скопје, поднесена преку полномошник Александар Гичев адвокат од Скопје, против Решението ПП бр.09-32/13 од 23.05.2025 година на Комисија за заштита на конкуренцијата, Комисија за одлучување по прекршок, со вредност на предметот на спорот 100,000.00 денари, по одржаната јавна расправа на ден 13.11.2025 година, во присуство на полномошникот на тужителот Розита Цартовска адвокат од Скопје, и во присуство на овластени претстваници на тужениот орган, на ден 20.11.2025 година, ја донесе и ја објави следната:

I
П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Сојуз на стопански комори на Македонија – Стопанска интересна заедница Скопје, преку Претседателот Трајан Ангелоски од Скопје изјавена против Решението ПП бр.09-32/13 од 23.05.2025 година на Комисија за заштита на конкуренцијата, Комисија за одлучување по прекршок, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

II
Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот да се задолжи тужениот орган да му ги надомести трошоците во постапката по поведен управен спор, СЕ ОДБИВА.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение ПП бр.09-32/13 од 23.05.2025 година на Комисија за заштита на конкуренцијата, Комисија за одлучување по прекршок, утврдено е дека сега тужителот сторил прекршок од член 61 став 1 точка 10 од Законот за заштита на конкуренцијата, за кој му е изречена глоба во износ од 100.000,00 денари, која е задолжен да ја плати во рок од 30 дена од правосилноста на решението.

Незадоволен од решението на тужениот орган, тужителот поведува управен спор со предлог тужбата да се уважи, а оспореното решение да се поништи, поради:суштинска повреда на одредбите од постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, ипогрешна примена на материјалното право. Во тужбата се наведува дека изјавите на лицата Сузана Јаневска и Сашо Дуковски не биле дадени со умисла или со свесна намера за доведување во заблуда на тужениот орган. Напротив, нивните изјави биле дадени под услови на висок психолошки притисок и во стресна состојба, предизвикана од ненадејниот и за нив невообичаен карактер на испрашувањето. Исто така, се наведува дека тужениот орган имал целосен увид во целокупната документација, со неограничен пристап до сите релевантни документи и електронска пошта, при што не постоеле никакви пречки во процесот на истражување.Погрешни се наводите нотирани во Записник бр. 09-15/2 од 07.02.2024 година и Записник бр. 09-15/8 од 11.02.2025 година, затоа што

тужениот орган, при утврдување на фактичката состојба, не ја зел предвид целосната слика на околностите под кои биле дадени изјавите - природата на информациите, степенот на соработка со органот, како и отсуството на свесна намера за заблуда. Во конкретниот случај не постои елемент на прекршок, бидејќи единствената цел на член 61 став 1 точка 10 е да се спречи свесно попречување или доведување во заблуда на тужениот орган - нешто што не само што не се случило, туку е и недвосмислено исклучено.

Судот до тужениот орган на ден 12.06.2025 година достави покана за одговор на тужба, уредно доставена на ден 03.10.2025 година, видно од потпишана доставница кон списите.

Тужениот орган на ден 19.06.2025 година достави до Судот Одговор на тужба со образложение дека останува во целост по наводите изнесени во Решението ПП бр.09-32/13 од 23.05.2025 година, и предлагат на Судот да донесе пресуда со кое тужбата ќе се одбива како неоснована и ќе го потврди Решението на Комисјата за одлучување по прекршок при Комисија за заштита на конкуренција ПП бр.09-32/13 од 23.05.2025 година. Наведе дека Комисијата ги зела предвид сите релевантни докази за утврдување на предметниот прекршок, не само изјавите на претставниците на тужителот, туку и изјавите на другите учесници на спорниот состанок, изјавата на Ристо Шехтански, главен менаџер за набавки во КАМ, дадена во записникот од 10.02.2025 година, кој присуствувал на спорниот состанок, изјавата на Владимир Тодоровиќ, управител на ТИНКЕС МТ ДООЕЛ, дадена во записникот од 13.02.2025 година,како и електронската комуникација прибавена во текот на постапката. Неточни се наводите на Сузана Јаневска дека уште во записникот од 07.02.2025 година ги навела сите маркети кои учествувале на спорниот состанок.Видно од самиот записник од 07.02.2025 година, кој е своерачно потпишан од Сузана Јаневска, на прашањето во врска со тоа со кого бил одржан состанокот со претставници на малопродажните ланци и локалните клучни партнери - како што се наведува во соопштението за јавност дадено од Сојузот на стопански комори на Македонија - овластеното лице Сузана Јаневска изјавила дека не била вклучена во тој состанок. Од самите наводи во записникот произлегува дека состанокот бил одржан единствено од страна на Сашо Дуковски, а не од Сузана Јаневска, што ги доведува во прашање нејзините понатамошни тврдења за непосредно учество и информираност. Наведе дека тужениот орган правилно ја утврдил фактичката состојба, поради што предлага тужбата на тужителот да се одбие како неоснована и да се потврди решението за изрекување на прекршочна одговорност.

Одговорот на тужба беше доставен до полномошникот на тужителот на запознавање, по кој истиот се произнесе со поднесок со кој го извести судот дека полномошното дадено за застапување на тужителот – Сојуз на стопански комори на Македонија е отповикано, согласно допис доставен од страна на Сојузот на стопански комори на Македонија на ден 23.09.2025 година, кој допис го доставуваат во прилог кон поднесокот.

Тужителот, со поднесок доставен до судот во предметот УПРК бр.12/25, достави полномошно за застапување, со кое за полномошник е овластена адвокат Розита Цартовска од Скопје.

Управниот суд, постапувајќи по тужбата на тужителот откако утврди дека тужбата е изјавена во законски определениот рок, дека е дозволена и изјавена од овластено лице и откако оцени дека се исполнети законските услови, закажа и одржа јавна расправа по тужбата на ден 13.11.2025 година, во присуство на

полномошникот на тужителот адвокат Розита Џартовска од Скопје, во присуство на овластени претставници на тужениот орган Валентина Николова и Надица Четорошка, врз основа на полномошното издадено од Претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.03-289/1 и бр.03-289/3.

На одржаната јавна расправа, полномошникот на тужителот изјави дека во целост останува на наводите истакнати во тужбата и тужбеното барање. Наведе дека тужениот орган со донесувањето на оспореното решение сторил повреди на одредбите од Законот за општата управна постапка, при што решението е нејасно, неразбирливо и не може да се испита. Посочи дека фактичката состојба во постапката што му претходела на донесувањето на решението е непотполно и неправилно утврдена, како и дека тужениот орган не докажал дека изјавите на двајцата претставници на Сојузот на стопански комори биле неточни и нецелосни, ниту дека истите имале способност да го доведат органот во заблуда. Истакна дека останува на приложените докази кон тужбата, дека со други докази не располага и не предлага, па по изведувањето и оценувањето на сите докази предложи судот да ја усвои тужбата и тужбеното барање во целост, да го поништи Решението П.П. бр. 0932/12 од 23.05.2025 година на тужениот орган и предметот да го врати на повторно одлучување.

Овластениот претставникот на тужениот орган, Валентина Николова, изјави во целост останува на наводите наведени во одговорот на тужбата. Наведе дека оспореното решение е донесено врз основа на правилно и целосно утврдена фактичка состојба, согласно законот, и дека во постапката се прибавени сите релевантни докази. Според тужениот орган, Сојузот на стопански комори дал неточни и нецелосни податоци, што претставува прекршок од член 61 став 1 точка 10 од Законот за заштита на конкуренцијата. Посочи дека тврдењата на тужителот дека податоците не биле неточни се неосновани, бидејќи тужителот во текот на постапката не ги негирал неточните изјави дадени од неговите претставници, туку ги оправдувал со недоразбирање и стрес, што не ја исклучува одговорноста. Истакна дека неточноста на податоците дадени од тужителот на записниците од 07.02. и 11.02. е неспорно видлива при споредба со изјавите дадени на записник од КАМ ДОО на 10.02. и ТИНЕКС МТ ДООЕЛ на 13.02. Наведе дека изјавите дадени од тужителот можеле суштински да влијаат врз утврдувањето на постоење на забранет договор, кое претставува најтешко прекршување на Законот за заштита на конкуренцијата, што ја оправдува правната квалификација за сторен прекршок по член 61 став 1 точка 10. Предложи судот да ја одбие тужбата како неоснована и да го потврди решението на Комисијата.

На прашање на Претседателот на Советот, зошто тужениот орган смета дека дадените изјави, односно неточните податоци, го довеле органот во заблуда при утврдување на фактичката состојба, имајќи предвид дека истите се дадени од четири физички лица – овластени претставници на правни лица, овластениот претставник на тужениот орган изјави дека од изјавите на Сузана Јаневска Комисијата не можела да утврди кои маркети биле учесници на состанокот, а со тоа и кои маркети би биле потенцијални учесници во евентуално забранет договор, за да може против истите да преземе истражни дејствија и да поведе прекршочна постапка.

На прашање на Претседателот на Советот, дали и покрај изјавите и сета документација од списите на предметот утврдиле кои биле учесници на состанокот, овластениот претставник одговори дека, од изјавата на овластеното лице Сашо Дуковски утврдиле кои биле присутни на состанокот. Овластениот претставник на

тужениот орган одговори дека, од изјавата на Сашо Дуковски утврдиле кои маркети биле присутни на состанокот, но не и кои сите од Стопанска комора присуствувале на тој состанок. Имено, Сашо Дуковски изјавил дека тој присуствувал на состанокот, на состанокот учествувал извршниот директор Сузана Јаневска и Претседателот на Сојуз на стопански комори Трајан Ангеловски.

Во завршни зборови полномошникот на тужителот изјави дека од наводите истакнати во тужбата и одговорот на тужба, и од сите изведени докази во текот на постапката, се докажа основаноста на тужбеното барање и се докажа дека тужениот орган погрешно го применил член 61 став 1 точка 10 од Законот за заштита на конкуренција при донесување на оспореното решение, па затоа предлагам судот да донесе пресуда со која ќе ја усвои тужбата во целост, ќе го поништи оспореното решение, а тужениот ќе го задолжи со трошоци во вкупен износ од 30.576,00 денари, од кои 9.100,00 денари за состав на тужба и по 10.738,00 денари за две застапувања, како и судска такса за тужба и одлука по тужба од 1.280,00 денари.

Во завршни зборови претставникот на тужениот орган изјави дека во текот на постапката КОБ точно ја утврдила фактичката состојба и донела правилно и законито решение, а во произнесувањето во текот на постапката тужителот не го спори фактот дека неговите претставници дале неточни и нецелосни информации при увидот, што е суштина на сторениот прекршок. Предлагаме судот да ја одбие тужбата како неоснована и да го потврди решението на Комисијата.

Во доказна постапка, Судот на јавната расправа со читање ги изведе следните докази: Оспореното Решение П.П број 09-32/13 од 23.05.2025 година, Одговор на тужба ПП бр.09-32/16 од 19.06.2025 година, Доставување на решение бр.09-32/14 од 23.05.2025 година, Доставница за достава на решение, Писмено произнесување во врска со утврдена фактичка состојба од 12.05.2025 година, Преглед на податоци од годишна сметка за 2024 година бр.09-602/2 од 03.04.2025 година од Централен Регистар, Биланс на приходи и расходи за 2024 година, Писмено произнесување во врска со конечно известување за утврдена фактичка состојба од 27.03.2025 година, Полномошно за застапување од адвокат Розита Џартовска од 05.03.2025 година, Доставување на Заклучок за поведување на прекршочна постапка бр.09-32/9 од 21.02.2025 година, Одговор од Сојуз на стопански комора на Македонија во врска со Заклучокот за поведување на прекршочна постапка од 04.03.2025 година, Заклучок за поведување на прекршочна постапка бр.09-32/1 од 21.02.2025 година, Барање за поведување на прекршочна постапка бр.07-29/25 од 03.11.2022 година, Доставување на заклучок бр.07-29/3 од 07.03.2022 година, Заклучок бр.07-29/2 од 03.03.2022 година, Одговор по однос на заклучок врска 08-29/2 заведен под бр.07-29/20 од 15.04.2022 година, Тековна состојба бр.0805-50/150020220283155 од 02.11.2022 година, Потврда за одземена документација на Друштво за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС МТ ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, Записник за извршена контрола во ТИНЕКС МТ ДООЕЛ експорт импорт, Скопје од 13.02.2025 година, Заклучок ПП.бр.09-15/10 од 11.02.2025 година, Потврда за одземена документација од Сојуз на стопански Комори на Македонија бр.09-15/9 од 11.02.2025 година, Записник на контрола во Сојуз на стопански комори на Македонија бр.09-15/8 од 11.02.2025 година, Заклучок ПП.бр.09-15/7 од 11.02.2025 година, Потврда за одземена документација бр.09-15/6 од 10.02.2025 година, Записник во КАМ ДОО Илинден бр.09-15/5 од 10.02.2025 година, Заклучок ПП.бр.09-15/4 од 10.02.2025 година, Потврда за одземање документација ПП.бр.09-19/3 од 07.02.2025 година, Сопштени за јавност, Запинсик ПП.бр.09-15/2 од 07.02.2025 година, Заклучок ПП.бр.09-15/1 од 07.02.2025 година, Тековна состојба од Централен Регистар бр.0805-50/150020250043618 од 07.02.2025 година.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

Судот постапувајќи по тужбата на тужителот, врз основа на наводите и доказите од тужбата, одговор на тужбата на тужениот орган, списите на предметот доставени од тужениот орган, имајќи ги при тоа наводите на одржаната јавна расправа и доказите изведени на истата, најде дека:

Тужбата е неоснована.

Од доставените списите на предметот произлегува дека Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП), врз основа на член 41 од Законот за заштита на конкуренцијата, донела Заклучок бр. 09-15/1 од 07.02.2025 година, со кој му наложила на Сојузот на стопански комори на Македонија (во понатамошниот текст: ССКМ) да овозможи непречено вршење на дејствија од член 41 од Законот за заштита на конкуренцијата од страна на овластените лица на Комисијата. Врз основа на наведениот заклучок, на 07.02.2025 година, овластени лица на Комисијата за заштита на конкуренцијата извршиле увид и прибирање на докази на лице место во просториите на ССКМ. За извршените дејствија бил составен Записник бр. 09-15/2, уредно потпишан од овластени лица и од извршниот директор на ССКМ, Сузана Аневска.

Дополнително, со Заклучок бр. 09-15/7 од 11.02.2025 година, врз основа на член 41 од Законот, КОП наложил повторно прибирање на докази на лице место од страна на овластени лица. Овие дејствија биле реализирани на 11.02.2025 година, а за истите бил составен Записник бр.09-15/8, уредно потпишан од овластени лица, од извршниот директор на ССКМ, Сузана Аневска, и од потпретседателот на ССКМ, Сашо Дуковски, кој е и претседател на Трговската комора при ССКМ. Целта на наведениот увид, согласно заклучоците, била да се утврди дали постапувањето на ССКМ е во согласност со член 7 од Законот за заштита на конкуренцијата, имајќи предвид информациите добиени од медиуми и други извори дека на 05.02.2025 година во просториите на ССКМ бил одржан состанок со претставници на малопродажни синџири, на кој било договорено да не се примаат нови ценовници до крајот на првиот квартал на 2025 година. Таков договор, доколку постои, претставува ограничувачки договор забранет со член 7 од Законот. Во записникот од 07.02.2025 година, овластени лица од КОП ги прашале Сузана Аневска и Сашо Дуковски за содржината на состанокот, неговото организирање, присуството и документацијата поврзана со истиот.Сузана Аневска изјавила дека не била присутна на состанокот, дека истиот бил организиран од Сашо Дуковски, кој бил отсутен во моментот на увидот, дека го контактирала телефонски и добила насока да овозможи дополнителни информации на 10.02.2025 година, и дека не знае дали некој од вработените во ССКМ обезбедувал административна поддршка за состанокот. Во записникот од 11.02.2025 година, на прашање за организирањето на состанокот, неговата цел и присутните, Сашо Дуковски изјавил дека станува збор за неформална средба со лични познаници, одржана на 05.02.2025 година, на која тој лично бил единствениот претставник од ССКМ, а на која присуствувале претставници од Тинекс, КАМ, Веро и Рептил. Дуковски посочил дека средбата била организирана лично од него. Меѓутоа, од изјавите на други учесници на состанокот, дадени во записниците бр. 09-15/5 од 10.02.2025 година и бр. 09-15/11 од 13.02.2025 година, произлегува дека на состанокот присуствувале повеќе лица од ССКМ, меѓу кои Трајан Ангеловски - претседател на ССКМ, Сузана Аневска - извршен директор, и Сашо Дуковски - потпретседател на ССКМ, како и претставници на малопродажни ланци. Исто така, од дадените изјави произлегува дека состанокот бил закажан од страна на Сашо Дуковски и дека имало административна поддршка за негово организирање.

При увид во електронската пошта на ССКМ (koordinator@sojuzkomori.org.mk), службени лица од КОП констатирале дека постојат повеќе електронски пораки поврзани со состанокот, разменувани на 05.02.2025 и 06.02.2025 година, кои содржеле информации за закажување, присуство и содржина на состанокот. Конкретно, биле пронајдени електронски пораки од учесници на состанокот, вклучувајќи и пораки испратени до Сашо Дуковски и Трајан Ангеловски, како и пораки кои покажуваат дека постоела комуникација по завршување на состанокот. По тоа утврдиле дека изјавите на Сузана Аневска и Сашо Дуковски, дадени на записниците бр. 09-15/2 и бр. 09-15/8, дека немале информации или немале учество, се неточни и непотполни. Поради наведеното, КОП со Заклучок бр. 09-32/1 од 21.02.2025 година поведе прекршочна постапка против Сојузот на стопански комори на Македонија, заради давање на неточни, нецелосни податоци и податоци кои можат да ја доведат Комисијата во заблуда при вршењето увид согласно член 41 од Законот за заштита на конкуренцијата, што претставува прекршок од член 61 став 1 точка 10 од Законот. Во текот на спроведувањето на постапката, ССКМ се изјаснил по заклучокот за поведување прекршочна постапка со допис бр. 09-32/3 од 04.03.2025 година, како и по прелиминарното известување (бр. 09-32/7 од 27.03.2025 година) и конечното известување (бр. 09-32/12 од 12.05.2025 година). Во своите поднесоци, ССКМ навел дека евентуалните неточности во изјавите биле резултат на недоразбирање во комуникацијата, дека немало намера да се попречи постапката, и дека неговите претставници целосно соработувале со службените лица на Комисијата при увидот и прибирањето на доказите. Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, тужениот орган го донел оспореното решение ПП бр.09-32/13 од 23.05.2025 година со кое утврдил дека сега тужителот сторил прекршок од член 61 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, за кој му изрекол глоба во износ од 60.000,00 денари, која е задолжен да ја плати во рок од 30 дена од правосилноста на решението.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното решение, Судот најде дека постапката која претходела на оспорениот управен акт била спроведена согласно законот и дека одлуката е правилна и законита.

Согласно член 3 став 1 точка 3 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), е предвидено дека заради обезбедување судска заштита на правата и правните интереси на физичките и правните лица и заради обезбедување на законитоста, Управниот суд во управни спорови одлучува за законитоста меѓу другото и на актите донесени во прекршочна постапка.

Согласно член 7 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренција (“Службен весник на РСМ” бр.145/2010...83/18), забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуки на здруженија на претпријатија и усогласено однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои:директно или индиректно ги фиксираат куповните или продажните цени или некои други услови за тргување; го ограничуваат или го контролираат производството, пазарот, техничкиот развој или инвестициите; го делат пазарот или изворите на снабдување;применуваат различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што ги ставаат во понеповолна конкурентска позиција или го условуваат склучувањето на договорите со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ 10 SHKUP

Согласно член 30 став 1 од истиот закон, за прекршоците определени во овој закон, прекршочна постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата води и прекршочна санкција изрекува Комисијата за одлучување по прекршок.

Согласно член 32 став 1 од истиот закон, прекршочна постапка пред Комисијата за одлучување по прекршок се поведува по службена должност, по барање на генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата или по барање на физичко или правно лице кое има легитимен интерес за утврдување на постоење на прекршок.

Согласно член 61 став (1) точка 10 од Законот за заштита на конкуренцијата, Комисијата за одлучување по прекршок на претпријатието, односно на здружението на претпријатија, со решение може да изрече глоба во износ до 1% од вредноста на вкупниот годишен приход, остварен во последната деловна година, изразен во апсолутен и номинален износ, за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка, доколку: овластено лице или друг вработен даде неточни, нецелосни или податоци кои можат да ја доведат во заблудаКомисијата за заштита на конкуренцијата или Комисијата за одлучување по прекршок,во смисла на членовите 41 став (1) точки 7 и 8 и 50 став (1) точки 7 и 8 од истиот закон.

Согласно член 41 став 1 од истиот Закон, доколку постои оправдано сомнение дека определено претпријатие поседува исправи или други предмети или има сознанија кои можат да бидат од значење за да се докаже постоење на прекршок, Комисијата за одлучување по прекршок може со заклучок да му наложи на тоа претпријатие, на овластени лица од Комисијата за заштита на конкуренцијата и на лицата кои по потреба ги придружуваат: да им овозможи непречено да влезат во кои било деловни простории, земјиште или превозни средства на претпријатието од ставот (1) на овој член кои се од значење за утврдување на постоење на прекршок; да им овозможи непречено да ги испитуваат книгите или другата документација кои се од значење за утврдување на постоење на прекршок, без оглед на медиумот на кој истата се чува; да им овозможи непречено да земат или задржат во која било форма копии или извадоци од тие книги или документација; да им овозможи непречено привремено да ги земат и задржат книгите или другата документација кои се од значење за утврдување на постоење на прекршок за период потребен за копирање на истите, доколку нивното копирање не може да се изврши на самото место. За ваквото одземање и задржување, овластените лица на Комисијата за заштита на конкуренцијата издаваат писмена потврда во која се опишуваат одземените книги и друга документација и се назначува каде се пронајдени; да им овозможи привремено да земат и задржат предмети, книги или друга документација кои се од значење за утврдување на постоење на прекршок за период потребен за утврдување на релевантните факти и докази кои произлегуваат од тие предмети, книги и документација, но не подолго од правосилното завршување на предметната постапка. За ваквото одземање и задржување, овластените лица на Комисијата за заштита на конкуренцијата издаваат писмена потврда во која се опишуваат одземените предмети, книги и друга документација и се назначува каде се пронајдени; да им овозможи непречено да ги запечатат деловните простории и книгите или другата документација за период и во обем потребен за испитувањето, но не подолго од седум дена; овластено лице или друг вработен во претпријатието да даде на записник објаснување за фактите или документите кои се од значење за утврдување на постоење на прекршок; овластено лице или друг вработен во претпријатието да достави писмено објаснување за фактите или документите кои се од значење за утврдување на постоење на прекршок во определен рок и да им

овозможи непречено вршење други дејствија кои се од значење за утврдување на постоење на прекршок.

Согласно член 48 став 1 од истиот Закон Ако постојат околности кои укажуваат на можноста конкуренцијата да биде нарушена, Комисијата за заштита на конкуренцијата може да спроведе истражување во определен сектор на економијата или за определен вид на договори во различни сектори на економијата. Во текот на истражувањето, Комисијата за заштита на конкуренцијата може со заклучок да побара од претпријатијата да достават податоци во врска со нивната економско-финансиска состојба, нивните деловни односи и врски, податоци за нивните статути и одлуки, за бројот и идентитетот на лицата засегнати со таквите одлуки, како и други податоци од значење за истражувањето. Заклучокот од ставот (2) на овој член содржи правен основ, цел на барањето, точно назначување на податоците кои се бараат и рокот за доставување на бараните податоци, како и тоа дека недоставување на информации во бараниот рок или доставување на неточни, нецелосни или податоци кои можат да ја доведат во заблуда Комисијата за заштита на конкуренцијата претставува прекршок, согласно со членот 61 од овој закон.Против заклучокот од ставот (2) на овој член не е дозволена жалба, ниту тужба за поведување на управен спор. Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата може врз основа на податоците прибавени со истражувањата од ставот (1) на овој член да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до Комисијата за одлучување по прекршок. Доколку некои од податоците од ставот (2) на овој член претставуваат деловна тајна, претпријатијата од ставот (2) на овој член се должни истите јасно да ги означат и да го назначат правниот основ за нивното означување како деловна тајна.При доставувањето на податоци кои претставуваат деловна тајна, претпријатијата од ставот (2) на овој член се должни до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достават еден примерок со вклучени податоци кои претставуваат деловна тајна (доверлива верзија) и еден примерок во кој ќе бидат избришани податоците кои претставуваат деловна тајна (недоверлива верзија).

Согласно член 64 став 1 од истиот закон, при одмерување на глобата во предвид се земаат: 1) тежината на прекршокот; 2) времетраењето на прекршокот и 3)степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани со прекршокот.Согласно став 2, Комисијата за одлучување по прекршок, при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности. Согласно став 3, Основниот износ на глобата по правило изнесува најмногу до 30% од приходот на сторителот на прекршокот остварен од дејноста која се врши на релевантниот пазар на кој е сторен прекршокот во последната целосна деловна година во која сторителот на прекршокот учествувал во истиот. Вака определениот износ се множи со бројот на годините во кои траел прекршокот. Согласно став 4, Износот определен во согласност со став (3) од овој член се прилагодува со земање предвид на олеснителни или отежнителни околности, како резултат на што истиот може да биде намален или зголемен

По оценка на Судот, видно од сите изведени докази во постапката, како и од целокупниот доказен материјал, службените записници, изјавите на овластените лица, кореспонденцијата и доставените податоци, произлегува дека органот постапувал согласно член 28 став 2 и член 30 од Законот за заштита на конкуренцијата, при што биле прибавени, анализирани и правилно ценети записниците од 07.02.2025 година и 11.02.2025 година, електронската комуникација на Сојузот на стопански комори на Македонија – Стопанска интересна заедница Скопје, како и изјавите на сите учесници во постапката. Правилно е утврдено дека

тужителот - ССКМ преку своите одговорни лица, дал неточни, нецелосни и меѓусебно противречни информации во врска со одржувањето на координирани состаноци со претставници на трговските синџири. Ваквото однесување, оценето во контекст на утврдените околности и заемното присуство и постапување на овластените лица, укажува на постоење на координирано и договорено постапување спротивно на член 7 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, поради што органот основано констатирал прекршок. Судот оцени дека причините наведени во оспореното решение се јасно образложени, аргументирано поткрепени и меѓусебно усогласени, при што се темелат на конкретни и релевантни докази. Утврдените фактички и правни наводи не укажуваат на постоење суштествени повреди на постапката, ниту на погрешна примена на материјалното право. Оттука, Судот заклучува дека оспореното решение е донесено во согласност со применливите одредби од материјалното и процесното право, а оцената на доказите е правилна, целосна и соодветна на утврдената фактичка состојба.

Со оглед на сето погоре изнесено, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи како во изреката на пресудата, согласно член 59 став 1 од Законот за управни спорови („Сл.Весник на РСМ“ бр.96/19).

Барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, судот го одби како неосновано, согласно одредбата од член 86 став 3 од Законот за управните спорови („Сл.Весник на РСМ“ бр.96/19), со која е предвидено доколку судот ја одбие тужбата, секоја странка да ги сноси своите трошоци во постапката.

Пресудено во Управен суд на 20.11.2025 година, под УПРК.бр.12/2025.

Записничар– судски советник
м-р Атеме Муамеди

Судија,
m-r Burim Sejdini

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот на истата, преку овој суд до Вишиот управен суд.

Налог за такса: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800.00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Пресудата да се достави на:
- тужителот- полномошник;
- тужениот орган.

Судија,
m r Burim Sejdini

НК/

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
Судски службеник
2